*Сергеј ЦВЕТКОВСКИ*

***УДК: 355.48(100):[14:159.9***
Прегледен труд

# ТОТАЛНА ВОЈНА

***Кратка содржина:***

*Тоталната војна продолжува да биде тема на дебати и истражувања во модерните конфликти. Технолошките пронајдоци и заемната поврзаност на глобалната заедница го засилуваат ефектот на последиците од војувањето. Преиспитувањето на тоталноста на современите вооружени конфликти го правиме низ анализа на достигнувањето и нивото на уништување кои поставуваат нови етички, легални и политички предизвици. Авторот одговара на прашањата за: длабоките психолошки и политички импликации кои се протегаат подалеку од бојното поле кое се пренесува во длабочина и го опфаќа севкупното (глобално) општество. Дефинирањето на тоталната војна ја правиме низ критериумите на: намерно таргетирање цивили, цивилни ресурси и инфраструктура и цврстата контрола на однесувањето на населението низ инсталирање страв, омраза и трауми; низ политичкиот обид преку војната да се добие и да се зацврсти поддршка кај народот, повлекувајќи дебати за цивилните слободи и ерозија на демократските принципи; третманот на заробениците и масовните егзекуции на противничките но и сопствените недоволно мотивирани сили и идеолошко неподобно население; и евентуално катаклизматично сценарио на употреба на атомското оружје. Во анализата се потенцираат сложените улоги на традиционално неборбените категории и новите технологии и доктрини и нивното влијание на тоталноста на војувањето. Останува ставот дека тоталната војна е идеален концепт, но и неодговореното прашање доколку постојат атипичности на тој концепт која е отстапката од реперот за тоа колку се војната и составните елементи ограничени наместо тотални. Истражувањето заклучува дека тоталната војна ги менува културите, геополитичките прикази и меѓународните односи и дека нејзиното наследство го менува курсот на историјата за следните генерации.*

**Клучни зборови:** *војна, тотално, ограничено, ресурси, општества.*

**Вовед**

Фразата тотална војна претходи на нуклеарното време. Нејзините корени датираат уште од средниот век со начинот на војување на древните Монголци. Потврдените теоретски размислувања во насока на тоталната војна се забележани во 18-ти век. Во 19-тиот век теоретичарите ја препознаваат тоталната војна како посебен тип на војување. Познатиот пруски воен теоретичар и филозоф на војната, Карл Фон Клаузевиц (1780-1831), во неговото капитално дело „За војната", ја дава основната дефиниција за војната согласно со која, војната е акт на сила и нема логично ограничување на примената на таа сила. Непријателските борбени сили мора да бидат уништени: т.е. мора да се доведат до таква состојба што повеќе не можат да ја водат борбата... земјата мора да биде окупирана... не може да се смета дека (војната) завршила сè додека волјата на непријателот не е скршена (Clausewitz 1976, 90). Од сите можни цели во војната, уништувањето на силите на вооружените непријатели секогаш се јавуваат како највисоки (Clausewitz 1976, 99). Во неговата објава за намерата да изврши ревизија на „За војната" истакнува две водечки идеи: прво, дека постојат два вида војни: сеопфатна (тотална) војна и ограничена војна и второ, дека војната е продолжување на политиката со други средства. Всушност, тој со воведување на концептот на апсолутна војна ја надминал противречноста помеѓу војната дефинирана како неограничено (тотално) насилство и војната дефинирана како продолжение на политиката.

Стравот од тотална војна виден во Американската граѓанска војна, бил потврден со ужасите од Првата и од Втората светска војна во кои мртвите се проценети на 20 милиони и на 55 милиони соодветно. Иако некои современи војни според интензитетот се приближија до овие конфликти, сепак долготрајноста на идејата за тотална војна често се употребува за објаснување/споредување со терминологијата на „ограничена војна", како што беа на пример војната во Кореја (1950-1953) каде за малку не дошло до употреба на нуклеарното оружје, Виетнамската војна (1945-1975) против експедициските сили на Јапонија, Франција и САД) каде САД вклучуваа употреба на авиомоќ до степен до кој Виетнам стана најбомбардираната земја во историјата, војната на Фокландските Острови (1982) или во Заливот (1991). Во долгата историја на војување, нормално е дека некои војни ќе бидат помалку ограничени од други. Како критериум за државната способност да води тотална војна во модерно време, воздушната моќ се сметаше за најкорисното мерило, затоа што само неколку држави беа способни да се справат со предизвикот за спојување на техничките достигнувања со масовното производство во оваа област. Но, тоа е само еден од критериумите за тотална/неограничена војна.

Поимот е дефиниран како војна која е неограничена во смисла на употребено оружје, територија или борци кои се вклучени, или цели кои се поставени, особено оние во кои правото на војна се отфрла. Активностите

кои ја обележуваат тоталната војна по 19-тиот век вклучуваат: стратегиско бомбардирање, блокади и опсаднување на населени места, политика на спржена земја, напади на тргововија и трговски бродови и неограничено подморничко војување, колективни казни и одмазда врз непријателско население, индустриско војување, употреба на цивили и воени заробеници за принудна работа за воени операции и неприфаќање заробеници. Причините, целите на непријателите, нивната култура и историјата на претходна соработка, верувањата и вредностите на времето, изгледите за победа, можноста за надворешна интервенција и многу други фактори влијаат на начините и средствата за водење тотална војна. Па, така, тоталната војна е релативен, а не апсолутен концепт. Тотална војна во апсолутна смисла ќе значи борење без никакви ограничувања како што застапувал Лудендорф во 1920-тите години.

Имајќи ги во вид ограничувањата на тоталната војна, се поставува прашањето зошто идејата за тотална војна зазема важно место во колективната психа на аналитичарите и на практичарите?! Една неодамнешна студија сугерира дека неколку тенденции ја поттикнаа „тоталноста“ на војувањето помеѓу 1861 и 1945 год. (Chickering, 2005). Овие тенденции биле најинтензивни од 1914 до 1945 год. Прво, технолошкиот и индустрискиот напредок во тој период овозможиле методите на војување да станат подеструктивни, овозможувајќи брзо и конзистентно убивање луѓе. Второ, владите биле во можност да мобилизираат државни ресурси (и преку државни институции и преку приватни или полуприватни актери) и да ги трошат на војување. Трето, се проширил опсегот на воените цели. Според Имлај (2007, 554), ограничените цели, како добивањето територии или економски напредок, ги заменила одлучноста за постигнување победа, не само како пораз на непријателските сили туку и замена на нивниот политички режим, што подразбира и период на повоена окупација. Четврто, војната го зголемила глобалниот домен бидејќи сè повеќе држави во светот биле вклучени во конфликти кои потекнуваат од европската политика.

## 1. Тоталноста на Прва светка војна

Иако фразата тотална војна била создадена од германскиот генерал Ерих Лудендорф во 1918 год., стравот од таков развој доминира на Запад уште од 1800 година. Искуствата од европските војни од 1864, 1866 и 1870 година ги охрабриле големите сили да веруваат дека секоја идна војна помеѓу големите сили ќе биде кратка и одлучна. До почетокот на Првата светска војна, политичките, економските, општествените и доктринарните трендови на XIX век се обединиле во формула за целосно уништување. Доктринарно, армиите биле убедени во моќта на наполеонското војување во кое масовните војски тежнеат кон опколување и уништување на главнината на непријателската војска, а остатокот од неа

потоа да се растури со политички побарувања. Масовната регрутација и национализмот овозможиле масовни војски кои биле транспортирани и снабдени со помош на железницата и индустријализираните економии за масовно производство. Брзиот маневар, комбиниран со убиствената моќ на напреднатото оружје ветувале брза победа за војската која може најбрзо и најефикасно да се мобилизира и пренесе. По искуството на германскиот пораз во Првата светска војна, поранешниот главен командант Ерих Лудендорф не бил убеден од застапниците кои за време на војната расправале дека одредени технологии како што се тенковите, авијацијата или отровните гасови ќе донесат брза победа во идна војна. Тој исто така не верувал и дека ниту стратегиска доктрина за ненадејно напаѓање може да го постигне тоа.

До почетокот на 1914 година, за разлика од дотогашната наполеонска ера, борбеното поле зафаќало голем простор кој го запоседнувале милионски војски[1]. Рововската позиционираност била таква што немало страни по кои може да се заобиколува и немало начин за да може да се опколи непријателот кој до овој период изнесувал повеќе од три милиони војници на секоја страна. Брзината на движење на војските била одредена од брзината на железниците и на авионите. Во тоа време војувањето било само делумно механизирано. Германската војска настапувала во Белгија и во Франција со помалку од 7.000 моторни возила, но со 726.000 коњи и со 150.000 железнички вагони (Addington, 1994, 104).

Вооружена со моќни одбранбени оружја и артилерија со голем дострел, рововски и жичено утврдена и заштитена и добро и навремено опремена, војската на бранителот не можела да биде брзо растурена на наполеонски начин. Одбранбените сили располагале со несразмерна предност од сили и простор, создавајќи ситуација во која пат-позицијата е едноставно неизбежна. Штом еднаш се создаде ваква пат-позиција, веќе не се работи за војна на брзи офанзиви, туку за војна на издржливост на човечки и економски ресурси (Quester, 1977, 114). Така, непријателот требало да биде уништен со брутални директни напади кои произвеле голем број жртви, при што, технолошкиот напредок бил виден како решение за излез од пат-позицијата на бојното поле[2].

Војната исто така покажала како војувањето се движи кон нова димензија со тоа што воздухопловството добивало на важност. Авионите на почетокот од војната биле користени за извидување и биле лесно уништувани од одбранбените сили, но како што војната се развивала, така авионите сè повеќе биле користени за тактички оган и подршка

[1] До зимата 1914 година, рововите на Западниот фронт се протегале од Швајцарија до Англискиот канал.

[2] Германија за првпат употребила отровен гас (задушливец Иперит) кај Ипер во 1915 година, а Британците ги вовеле тенковите во завршната фаза на битката кај Сома во 1916 година.

за бомбардирање на силите на тлото и евентуално за бомбардирање подлабоко зад линијата на фронтот. Била усвоена нова стратегија во која бомбардирањето на цивилите исто како и воените цели било видено како суштински елемент на тотална војна со образложение дека предизвикувањето на цивилни жртви и оштетување на непријателската цивилна инфраструктура служело двојно како пропаганда и како средство за пренасочување на ресурсите од фронтот.

Во основа идејата на тотална војна се однесува на поимите на ескалација и учество. Стравот од ескалација доаѓа од загриженоста дека штом еднаш започне војувањето, тоа е тешко да се контролира. Тоа значи дека војната ќе се интензивира според степенот на насилство (како географски, така и според бројот на жртвите) и во интензитетот на војувањето, бришејќи ги ограничувањата на војната. Учеството, се однесува на зголеменото учество на граѓаните во војувањето како војници кои се спремни да се борат и да умрат за татковината, но и како работници спремни да ја помогнат (да се жртвуваат за) војната работејќи дома (во татковината). Така, војувањето во Првата светска војна станало посеопфатно во неговиот размер и примена. Затоа што било тешко да се пробие главното бојно поле на војната, ќе се прошири географскиот обем на војната како што борците се обидуваат да наметнат дополнителен притисок на противникот со отворање нови бојни операциони полиња, како Италија, Јужниот Балкан и Средниот Исток. Ширењето на географскиот обем на војната бил придружен со поголема веројатност да се таргетираат цивилите кои не учествувале во битка. Во тој период тоа било видено во употребата на неограниченото поморско војување со потонување на трговските бродови без притоа да му се даде можност на екипажот да се евакуира во чамците за спасување, како што Германија настојувала да ги спречи Британија и Франција да добијат залихи преку море. И обратно како што Кралската морнарица подоцна ги блокирала германските пристаништа со што ја спречило Германија за увоз на храна и ја забрзало германската капитулација со создавањето на криза за храна во Германија.

Во растечкиот нецивилизиран карактер на војувањето, владите најчесто не делувале со намерна суровост, туку биле понесени од општествениот, индустрискиот и научниот тек. Општо земено, војната најмногу вклучува човечка сила, материјални и морални средства од државата. Секоја цел чие уништување ветувало дека ќе го заслаби воениот напор на непријателот, постанувало легитимна цел. Идејата за нелегитимни цели и намери низ критериумот за праведност и пропорционалност е видена како безначајна за водење на модерната војна. Целиот процес на војување во овој период бил активно проследен и со државна пропаганда со цел да се насочи севкупното внимание за војната на домашниот фронт со обликување на јавното мнение за промена на пристапот кон поддршка на воениот напор и било отворено прифатено дека целата економија треба да се приспособи за да се „превагне“ на фронтот.

## 2. Тоталноста на Втора светка војна

За Лудендорф, клучот за војна помеѓу индустријализираните нации, е да се води истата до нејзиниот брутален логичен крај со социјалните, економските и технолошките трендови кои го карактеризирале војувањето од претходниот век. Затоа војната треба да се карактеризира со целосна мобилизација на сите воени, економски и човечки ресурси на државата. Цивилното население на противникот ќе биде намерно напаѓано, а притоа и сопствените цивили ќе страдаат од слични такви напади на непријателот. Затоа, мобилизацијата на населението треба да опфати идеолошки карактеристики за да се одржи воениот напор и политичкото диктаторство да ја фокусира сета државна енергија на добивање на војната. Ваквите елементи на  тотално војување кои станале значајни во Првата светска војна, можеле повторно јасно да се видат во Втората светска војна. Уште еднаш државите ги мобилизирале нивните воени, економски и човечки ресурси до максимум. Регрутирањето сега било сведено на тоа што покрај мажите било опфатено и женското население. Жените го пополниле местото на мажите во земјоделството и во индустријата, но исто така и служеле во голем број во воените редови во неборбените улоги, а во Советската војска служеле и како борци. Индустриите и трговските морнарици биле ставени под државна контрола и потчинети на воениот труд. Било воведено и ограничено трошење на храна и масло. Германија не само што се потпирала на своето население и на регрути туку ги користела и странските воени заробеници. Ова укажува на квалитетно и квантитетно борење, клучниот елемент на тоталната војна. Нагласката се става како прво, на материјалниот фактор како што е бројот на техниката – повеќе/подобри ресурси очигледно ќе ги победат помалкуте/полошите ресурси - и второ, на односот војна и општество. Базата на ресурси на Сојузниците била навистина импресивна, каде само САД потрошиле 82 милијарди долари во 1944 год., наспроти недостатокот во економската мобилизација на Германија, Јапонија и Италија (Black 2006, 121). Пристапот на војна и општество, објаснувањето на победата го става на „домашниот фронт" и особено на способноста да се мобилизираат факторите на производство, особено работниците за производство на оружје во време на војна. Од оваа перспектива Сојузниците победиле поради тоа што нивните поинтегрирани и мирољубиви општества им овозможиле да земат учество во тоталната мобилизација; додека конзервативните пристапи на нацистите и Јапонците – на пример кон вработувањето на жените и освоените луѓе[3] – придонеле тие да загубат. Општествената тоталност на војната исто така се

[3] Нацистичкиот расизам и опресијата на Јапонците им отежнувало на Германија и на Јапонија да извлечат добивка која би можела да биде очекувана од нивните големи освојувања, и дури довела до одреден степен на народен отпор, особено во Источна Европа и во Кина кој ги разводенувал воените ресурси на Оската.

зголемила и со систематска употреба на цензура и пропаганда, промоција на национализмот и демонизација на непријателот, ограничување и затворање на групи за кои постоело сомневање дека имаат сомнителни сојузници како идеолошки и политички противници или граѓани со странско потекло.

На стратешко и тактичко ниво, Втората светска војна ја доживеала примената на воените доктрини кои биле дизајнирани да го обноват маневарот и офанзивниот капацитет кој бил неприменлив во Првата светска војна. Германија забележала драматичен успех со своите напаѓачки „блицкриг“ тактики од 1939 до 1941 година, успех кој се потпирал на центрираното оперативно планирање на тактичкиот потенцијал во комбинирани сили и здружени (воздушно-копнени) операции кои заедно ја направиле маневрирачката војна возможна. Почетниот успех на молскавичното напаѓање делумно се должел на потчинетите доктрини на спротивните британски и француски армии[4], но овој концепт не довел до конечна германска победа поради последователното прогласување војна на Советскиот Сојуз и Соединетите Американски Држави со што Хитлер ја осудил Германија на војна со мали шанси наспроти крајно одлучувачката економска сила и потрошувачка, особено на критичниот Источен фронт. Во 1944 год., Црвената армија се покажала како прилагодена на она што иницијално беше предност на Германија, односно развивањето на добра соработка помеѓу оклопните средства, артилеријата и пешадијата и со правењето на последниве две особено мобилни, успешното изведување на опколувања. Германците биле помалубројни, особено во артилерија и авиони, иако не толку многу за да биде очигледно пресудно. Тие повеќе страдале од последиците на наредбите „нема повлекување“, кои всушност им ја одземале мобилноста. Сепак, стратешкиот проблем на Германија за борење на двоен фронт против американските и советските суперсили заедно со масовноста и индустриската моќ, се покажал како крајно одлучувачки. Технолошките напредоци пред и во текот на војната биле клучни на начин кој дотогаш бил невиден[5].

---

4 Сојузниците бројно ги надминале Гермаците по бројот на тенкови во Првата светска војна и згора на тоа нивните тенкови биле со подобар квалитет, но слабоста во доктрината на Французите била во тоа што тенкот бил виден само како поддржувачко оружје за пешадијата, додека Германците сега (1939-1941 година) ги концентрираат тенковите во оклопни дивизии кои изведуваат брзи механизирани напади. Германија дополнително ја интегрирала и останатата воена моќ во поддршка на нападите на копнените трупи, Така, германската воена авијација Луфтфафе била дизајнирана за тактичка поддршка на армијата, карактеристика која ќе ѝ ја одземе предноста во стратешката бомбардерска кампања против Британија во периодот 1940-1941 година, но која ќе ја направи крајно ефикасна во кампањите за молскавично напаѓање од 1939 до 1941 година.

5 Така, на пример радарот ѝ помогнал на кралската авијација – РАФ да ја добие битката за Британија во 1940 година, а нуклеарното оружје одиграло главна улога во безусловното предавање на Јапонија. Германските технолошки напредоци, како

Во Втората светска војна, за разлика од Првата светска војна, многу повеќе бил изразен конфликтот на идеологии и барање на сојузниците за безусловно предавање наспроти водењето на војната до самиот крај како на европските, така и на пацифичките бојни полиња. Страшните жртви и загуби во војната направиле да биде едноставно невозможно да се освојат поограничени воени цели. Оттука, „целите кои требаше да се постигнат се проширија за да ги пресретнат сносените трошоци" (Weltman 1995, 135).

За разлика од Првата светска војна  каде бомбардирањето на цивилите било споредна тактика во поддршка на борбата на копно, во Втората светска војна тоа станало една од првостепените воени стратегии. Ова укажува на една клучна особина на тоталната војна, а тоа е замагленатa разлика помеѓу цивилната и воената сфера. Обичните граѓани се вклучуваат во подгревањето на војната за подоцна да станат цел на големо и масовно насилство. Како на пример, во Втората светска војна кога големи ѕверства биле извршени од страна на јапонската војска врз кинеските цивили, или на Источниот фронт во борбата помеѓу Германците и Советите  каде масовно умирале и биле убивани цивилите, како и со случајот на фрлените атомски бомби врз јапонските градови Хирошима и Нагасаки на 6-ти и 9-ти август 1945 година за да се натера јапонската влада да го заврши понатамошниот отпор на Пацификот. Во последниов пример, всушност потребата за спасување на животите на американските војници[6], односно војната да се направи помалку скапа за едната страна ќе иницира употреба на атомското оружје и неселективно масовно убивање на јапонски цивили. Големите јапонски и американски загуби на Иво Цима, Окинава и Лузон рано во 1945 год., сугерирале дека инвазија на Сојузниците врз Јапонија која е со самоубиствена одлучност да продолжи да се бори, ќе биде прилично скапа. Јапонската домашна војска била лошо обучена и опремена и имала недостаток на подвижност и на воздушна поддршка, но во одбрана би го имала капацитетот да предизвика високи загуби[7], особено затоа што не било јасно како да се издејствува безусловно предавање (како уште една карактеристика на тоталната војна) што всушност и било целта на Сојузниците[8]. Употребата на атомските бомби бил клучниот елемент

борбениот авион Месершмит 262, крстосувачката ракета V-1 и балистичката ракета V-2, премногу доцна станале операционални за да можат да влијаат на исходот од војната.

6 Целта на тогашниот претседател на САД Хари Труман била да се спасат колку што е можно повеќе животи на Американци, истовремено воден и од човечките чувства за жените и децата на Јапонија.

7 Уште во април 1945 година генералот Даглас Мек Артур истакнал дека неговите трупи сè уште не се судриле со Јапонците соодветно и дека кога тоа ќе се случи тие ќе имаат големи загуби.

8 На Потсдамската конференција сојузничките лидери ја издале Потсдамската декларација на 26 јули, барајќи безусловно предавање, како и окупација на Јапонија,

на „превагнување" против потребата да се водат особено тешки серии на инвазии и искористувачки кампањи на јапонскиот домашен терен. Споредено со подоцнежниот развој на нуклеарната борбена технологија, малата залиха на атомски бомби кои се испуштаат од бомбардер кои САД ги поседувале во 1945 год. биле со мала способност, но сепак доволни за учинокот. Деструкцијата била таква што ова изгледало на целосна војна, а таква и била логиката на последователното планирање на нуклеарна војна, но тогаш во 1945 година, атомските бомби биле практично особено деструктивен производ на индустриското војување, употребено како алатка на ограничена војна за постигнување цел на тотална војна низ безусловно предавање без да се прибегне кон борба до самиот крај. Атомски бомби како ограничено војување денес може да делува парадоксално, но во таа година било можно. Делумно тоа е продукт на едностраната природа на способностите на Соузниците и на Оската. И Германците и Јапонците биле исто така заинтересирани за развојот на атомска бомба, но никој од нив не направил напредок споредлив со Американците. Доколку поседувале атомски бомби, пристапот на владите на Јапонија и на Германија укажува дека би ги употребиле. Ова укажува на можност од целосна војна во форма на нуклеарна размена, иако најверојатно нивоата на достапност како и на системите за испорака на бомбите не би биле стратегиски ниту оперативни, но такви да всадат страв и да влијаат на моралот.

Настрана од атомското оружје, искушението за напаѓање цивили во Втората светска војна било помогнато од општиот напредок на воената технологија, која овозможила стратегиско бомбардирање на Дрезден, Ковентри и на Осака во текот на војната. Како резултат на тоа, Втората светска војна стана прв конфликт по европската триесетгодишна војна, каде што бројот на цивилните жртви го надмина бројот на воените жртви (Imlay, 2007, 556). Градовите на противниците и населението се намерно напаѓани со цел да се скрши волјата на непријателот да одолее со тоа што ќе му се скрши економијата и ќе се масакрира неговото население. Уништувањето на производствениот капацитет на непријателот ќе ја поткопа можноста на неговите сили да дејствуваат ефективно. Оваа логика го достигнала врвот со систематското површинско бомбардирање цивили, но не секогаш стратешкото бомбардирање ги постигнало драматичните ефекти кои биле предвидени. Загубите помеѓу напаѓачките авиоекипажи биле екстремно големи, принудувајќи ги и Германците и Британците да ги извршат нивните напади ноќе оневозможувајќи го прецизното бомбардирање. Сојузниците, требало прво да ја добијат битката во воздух пред инвазијата на Европа која би следувала по неколку месеци. Во оваа фаза на војната, бомбардирањето на непријателските производствени капацитети за ловечка авијација, што изискувало напади со голема прецизност, станало предмет

губење на јапонската прекуокеанска сопственост и воспоставување демократија во земјата. Заканувачката алтернатива била „брза и крајна деструкција", но на 27 јули јапонската влада одлучила да ја игнорира декларацијата.

на голема итност. Во последните месеци од војната на европското тло, како што сè повеќе била потиснувана германската противвоздушна одбрана, така Сојузниците ги пренеле нивните напади на клучни производствени објекти, како нафтените рафинерии. Овие напади се покажале како поефективни во поткопувањето на германскиот воен капацитет отколку претходните напади на целосниот економски капацитет.

Втората светска војна била глобална во својот размер, а морнаричката моќ била побитна за резултатот отколку што била во Првата светска војна, затоа што како островски нации, и Британија и Јапонија, поприлично зависеле од ресурсите увезени преку море. Во битката за Атлантикот, Германија се обидела да го задуши англо-американскиот воен напор со тоа што ги уништувала трговските бродови кои донесуваат набавки, оружје и војници преку Атлантикот и во Медитеранот. Во 1942 год. 1.664 трговски брода во вредност од 8 милиони тони биле потопени од германските У-подморници, додека загубите на вториве биле помалку од оние кои биле нововнесувани во употреба – 58 изгубени до втората половина на декември, наспроти 121 новозавршени - и за прв пат, имало доволно У-подморници за да се организираат сложени линии на патролирање долж маршутите на конвоите во Северниот Атлантик. Акумулираното искуство ја зголемило ефективноста на Сојузниците во придружбата на конвоите и воздухопловната поддршка, што резултирало со подобри пловечки формации и антиподморнички тактики. Иако на крајот била неуспешна, сепак германската подморничка кампања била блиску до успехот. Нивото на капацитет на САД за градење бродови, и последователната способност да произведат повеќе отколку само да ги надополнуваат загубите, било клучно за САД да ја обезбедат, а подоцна и да ја искористат морнаричката супериорност на Пацификот со поморска и подморничка кампања да се скрши јапонскиот воен напор во летото 1945 година. Германија била успешна во раниот дел од војната затоа што копнените воздушни сили надополнувале за нејзината поморска слабост. Британските поморски загуби од германските авионапади во критската кампања биле соодветни на еден „блицкриг". Слични загуби биле особено и на почетокот од Пацифичката војна кога Британија загубила два борбени брода нападнати од јапонски бомбардери на почетокот од 1942 година. Дури откако сојузничките флоти ќе бидат засилени со ефикасни противвоздушни орудија и безбедна фреквенциско преносна одбранбена заштита, воените морнарици биле способни повторно да ја продолжат својата офанзивна улога.

Раните фази на Втората светска војна покажале дека и на копно и на море, со остварената воена супериорност или, барем одрекувајќи му ја истата на непријателот, е предуслов за успешна воена операција. Воздухопловната сила изолирана не можела да гарантира победа, но сосема сигурно дека отсуството на истата гарантирало пораз. Ресурсите тука се очигледно дел од равенката, како што било случај со способноста да испорачуваат намирници со падобрани во одбранбените зони на

Британците на границата на Индија и на Бурма во 1944 год., како и напредувањето на силите на Австралија во Нова Гвинеја истата година.

За разлика од Првата светска војна, во Втората светска војна, амфибиските операции биле суштински за исходот на војната како на европските, така и на пацифичките бојни полиња. Во Северна Африка, Сицилија, Италија и Франција се одиграле амфибиските истоварувања, кои им овозможиле на сојузниците да дојдат до стратегиски иницијативи, а американските островски кампањи во Пацификот стратегиски ги надиграле јапонските сили во регионот, ултимативно поместувајќи ги американските сили доволно блиску до Јапонија за да можат да лансираат конвенционални и нуклеарни напади на домашните јапонски острови. И во противподморничките и во амфибиските офанзивни кампањи, улогата на носачот на авиони била од решавачка важност. Во Втората светска војна имало пет главни битки на носачи на авиони во Пацифичката војна, како и уште дваесет и две други поморски битки.

За разлика од Пацификот каде доминацијата на море била одлучувачка за крајната сојузничка победа, на европското тло решавачки биле советските воени офанзиви, како на пример фамозната битка за Сталинград во зимата 1942/1943 година која всушност претставува пресвртница во Втората светска војна[9]. Во оваа операција Советите ќе остварат бенефит главно од нивното акумулирање сили како последица на обнова и развој на индустријата за муниција и тенкови. Навремената евакуација на советските индустриски фабрики непосредно пред напредувањето на Германците било најголемото достигнување кое ја одразувало контролата водена од советската влада. Советската предност во оваа операција исто така била зголемена со успехот на нивното планирање и подготовки и благодарејќи на слабиот квалитет на одлуките на германската централна команда,[10] вклучително и позиционирањето на клучните крилни позиции на слабите сили на Романија.

Втората светска војна ќе воведе и уште една друга новина во војувањето во форма на падобрански десанти од широк опсег. Овие операции биле битни за германското освојување на Крит (Операција Меркур) во 1941 година, сојузничката инвазија во Нормандија како и сојузничкото преминување на Рајна во 1945 година. Неуспехот на големата воздушно десантна Арнхемска операција во 1994 година (операција Маркет-гарден) и големите германски загуби при заземањето на Крит ќе бидат демонстрација за ограничувањето на таквите сили и поука дека не

[9] Именувано како оперција Уран – опкружувањето на германската шеста армија во и околу Сталинград во ноември 1942 год.

[10] Крајните одлуки ги носел лично Хитлер кој не дозволувал еластичност во одбраната пред „Црвената дивјачка хорда“.

треба понатаму да се изведуваат такви офанзиви од толку големи размери со тие сили[11].

Во светска војна начинот на примената на воена алијанса исто така го одредувал (не)успехот. Германија и Јапонија биле неспособни да создадат воено партнерство или да обезбедат заемна економска помош која би ја парирало онаа на Сојузниците. Германските планови за војна со САД имале малку изгледи за помош од Јапонците и претпочитале да се фокусираат на можноста за употреба на поморска моќ за да се искористат базите на режимот на Виши во Северна Африка или на Канарските Острови, или дури на бомбардери со голем дострел, повеќефазни ракети, вселенски бомбардери или проектили лансирани од подморници. Ваквите планови вклучувале напади на Њујорк и на Вашингтон. Неефективноста на обидите на Гермаците и на Јапонците за морнаричка соработка која вклучувала и испорака на германска технологија, покажало дека иако таква соработка била возможна, сепак не постигнала многу. Всушност, губењето на јапонската офанзивна способност како последица на потонувањето на повеќе нивни носачи на авиони кај Мидвеј, идејата за здружена акција со Германците ја направила неизводлива. На ниво на големи сили, постои и значаен јаз во непријателствата. Наспроти надевањата на Хитлер, Јапонија не го нападнала Советскиот Сојуз откако Хитлер им објавил војна на САД по јапонскиот напад на Перл Харбур и тие две сили не влегле во војна сè до 1945 год. Тоа го намалило проблемот на двете страни да бидат растегнати на премногу фронтови.[12] Но исто така постоел и проблем со системот на алијанса на Германија во Европа. Италија нема да се вклучи во војната до јуни 1940 год., кога Мусолини ја насетил можноста од германската победа во Битката за Франција. Дополнително, степенот до кој ресурсите на Италија биле последователно мобилизирани не биле доволни да ја одржат италијанската империја, а камоли да ги поддржат експанзионистичките амбиции на Мусолини против Грција, Египет и британските колонии кои се граничеле со италијанска источна Африка: Судан, Британска Сомалија и Кенија. Во Италија регрутирањето било избегнувано, снабдувањето ограничено, економијата не била милитаризирана, а тоталноста на италијанскиот фашизам била често преценета. Воопштено, Италија го исцедувала германскиот воен систем исто како и многуте источно европски сојузници. Инвазијата на Сојузниците во Италија во 1943 год. не довела до борба до самиот крај како што би се очекувало од тотална војна,

---

11 Ограничувањата се однесувале на неспособноста воздушно десантните сили кои главно биле лесно вооружени, сами да ги задржат оклопномеханизираните сили до оној момент додека до нив не стигне дополнителна сила за противоклопна борба. Овие негативни падобрански искуства, придонеле падобранските офанзиви да не бидат редовни активности во периодот по Втората светска војна сè до нивното повторно враќање во Англо-француската војна против Египет во 1956 година.

12 Во спротива на Јапонија и Советскиот Сојуз, Германија не можела да направи реално ништо во однос на Кина, па така Хитлер и не ѝ објавил војна на Кина.

туку до брзо симнување од власт на Мусолини и воспоставување влада која бара мир со сојузниците. Иако италијанските фашисти ќе ја продолжат борбата до крај, при што голем број борци ќе се борат со Отпорот во противвостанички конфликт на ниско ниво, сепак одбраната на централна и северна Италија против Сојузниците ќе се потпира на Германците. [13]

Севкупно, активностите на двете страни во Втората светска војна биле преземени како одговор на политичкиот и воениот притисок кој конфликтот ги создал или ги направил поакутни. Но, природата на одговорот исто така била повлијаена од националните обележја на завојуваните и од основните пристапи кон војувањето чии корени се протегаат од искуствата од минатото. До крајот на војната, сите големи држави се согласиле дека комбинираните оружени системи или здруженото војување се клучот за успехот во современата индустриска војна.

### 3. Тоталноста на војната кај некои од современите вооружени конфликти - една поинаква димензија на целосната војна

Постојат пет основни карактеристики на тоталната војна: тоални цели, тотални методи, тотална мобилизација, тотална контрола и тотална промена. Во пракса, војната во модерното време бележеше сигурно приближување кон поголема тоталност, без никогаш да ја достигне. Тоталноста на војувањето може да се пресмета низ многу фактори, вклучувајќи го типот на оружјето кое е вклучено и/или употребено, стратегијата и користените тактики, државните ресурси кои се вклучени, степенот до кој секој човек и материјален извор на противникот може да биде виден како легитимна цел и степенот до кој социјалните и културните притисоци можат да се спротивстават на неограниченото војување. Во тоталните војни, владите имаат толку многу побарувања од своите граѓани исто како што се и безмилосни кон своите непријатели. Граѓаните на државата се обврзани да служат во вооружените војски и да учествуваат во производството на воен материјал, цивилните и политичките права се ограничени, економијата е потчинета на воениот труд, и секое оружје без разлика колку е неселективно во своето дејство и ужасно е искористено на сите остварливи или психолошки начини против вооружените сили и индустрискиот капацитет кои придонесуваат за непријателскиот воен напор. Кулминацијата на ваквите намери е постигната со плановите од Студената војна за нанесување геноцидно „загарантирано уништување“ со одмазднички нуклеарен напад.

[13] Слично, воената, политичката и економската поддршка од Бугарија, Унгарија, Романија, Словачка и Хрватска се докажала дека е со ограничена вредност за Германија и брзо испарила кога војната тргнала на лошо.

Почнувајќи со политиката на САД за нанесување масовна нуклеарна одмазда, планирањето на војна од големи размери за време на Студената војна вклучувало предвидување на аритметика (низ теорија на игрите) на нуклеарна употреба и од моментот на советското здобивање на нуклеарно оружје во 1949 год., и уште повеќе, од последователното американско и советско распоредување на интерконтинентални ракети, на заемна нуклеарна „размена“, во која милиони луѓе моментално би умреле, создавајќи состојба во која според зборови кои му се препишуваат на тогашниот советски премиер Никита Сергејевич Хрушчов, „живите ќе им завидуваат на мртвите“. Настрана од планираната употреба на нуклеарни оружја за уништување на цивилното население, тие исто така биле интегрирани во тактичките и оперативните планови за дејствување против непријателските вооружени сили. Како резултат на тоа, која било војна помеѓу НАТО и Советскиот Сојуз би била многу поразлична од борбата помеѓу Германија и Советскиот Сојуз (издвоена поради бројот на цивилни жртви) во Втората светска војна (Black 2006, 158).

Како последица, способностите за војување во Студената војна на ниво кое сигурно би ја оправдало дефиницијата тотална војна – како кој било нуклеарен конфликт, иако најверојатно краток, би бил интензивен и широко распространет и би вклучувал намерно целење градови со намера да се постигнат големи цивилни загуби – не доведоа до таков конфликт. Таа неодреденост, особено неуспехот за поместување од способности и доктрина до конфликт, на некој начин е исто така карактеристика на таканаречената доба на тотална војна[14]. Во оваа доба суперсилите војуваа меѓусебно низ нивното учество во прокси војни, омасовување и развој на војските и дипломатски ќор-сокак. Во случајот со прокси војните, секоја од суперсилите ги поддржуваше своите сојузници во конфликти со сили кои се поврзани со другата суперсила, како на пример Виетнамската војна и советската инвазија врз Авганистан.

Во периодот на современи вооружени конфликти како тотални војни се окарактеризирани: Арапско-израелска војна 194-1949 год. (Naor, 2008), Иранско-ирачка војна 1980-1988 год. (Farzanegan, 2021), и инвазијата на Русија врз Украина 2022-тековно (Danylyuk V, 2022). Покрај овие, присутни се и други трендови на неограничено војување во модерната историја, но воопштено тоталната војна останува да биде идеален вид, затоа што покрај низата од достапни околности кои се неостварливи во реалноста, во практика секогаш се наметнуваат ограничувања при војувањето. Во практика, војните речиси секогаш паѓаат под тоталноста

[14] Со пример од Втората светка војна, очигледно неизбежната идеолошка и/или геополитичка наклонетост кон војна - најочигледно, германскиот напад на Советскиот Сојуз во 1941 год., и од друга страна нападот на Јапонците врз САД – не биле парирани со напад на Јапонците врз Советскиот Сојуз, ниту со претходен напад на Советите врз Германија, иако обата биле земени предвид, а Советскиот Сојуз не ја нападнал Јапонија сè до 1945 година.

во една или во повеќе димензии како како што се географскиот опсег, употребеното оружје, мобилизацијата на националните ресурси и население, поставување стратегии итн. На пример, иако можело да бидат употребени, сепак некои достапни вооружувања не биле употребени, како во случајот со САД во одлуката да не употребат нуклеарно оружје во војната во Кореја. Зошто некое вооружување не се употребува е предмет на дебата. Според некои аналитичари, ограничената употреба на отровен гас во Втората светска војна ја одразува моќта на нормативните ограничувања врз завојуваните страни. Други тврдат дека тоа било поради прагматичната грижа за непредвидливите ефекти на гасот.[15] Друг начин на толкување зошто војната не е тотална е затоа што ниедна завојувана страна не може да ги употреби сите ресурси во војувањето. Дури и во Втората светска војна завојуваните страни мобилизираа помеѓу ½ и 2/3 од работната сила и потрошија ¾ од националното производство за потребите на војувањето (Overy 2005, 154). Па така, како пополезен пристап во проучувањето на тоталната војна е да се анализираат различните степени на интензитет на различни показатели на војувањето, како што се напорите и ресурсите потрошени во добивките или во губитоците од војната (Imlay, 2005, 556-567).

Во таа смисла, доколку тоталната војна ја употребуваме само како поим за да ја објасниме или да ја споредиме со ограничена војна, тогаш се поставува прашањето која е линијата помеѓу ограничената војна и тоталната војна?! Еден од начините ваквата нејасна граница да ја елаборираме е низ бројот на изгубените човечки животи. Но, дали овој параметар важи и за класното војување?! Ваквата претпоставена логика за класното војување е видена на Западот низ внатрешната политика на Советскиот Сојуз. Теророт и гладот толерирани од владата убиле најмалку 11 милиони луѓе во мирновременските (невоени) години на Сталин 1924-1941 и 1945-1952 год. Во овој случај, тајната полиција беше војската на оваа војна, клучен реквизит на владата која рутински употребувала насилство. Настрана од тие што биле убиени, голем број биле затворени во работни кампови што на некој начин суштински претставувале концентрациони кампови, затоа што состојбата на затворениците во оваа домашна војна била несомнено полоша отколку состојбата на заробените војници во многу од конфликтите. Слично, Кинеската Комунистичка Држава, била насилна од самиот почеток. Законот за аграрна реформа од 1950 год. бил применет по цена на животите од 200 000 до 2 000 000 (согласно со различни пресметки) земјосопственици и уште 800 000 во други кампањи од раните 1950-ти години против контрареволуционерите, капиталистите и корумпираните

---

15 Под дејство на метеоролошките влијанија и сопствените сили биле погодувани од ефектите на гасот.

кадри (Black 2006, 156).[16] Една декада подоцна, обидите на Пол Пот да се трансформира општеството на Камбоџа помеѓу 1976 и 1979 год., исто така како последица на цивилна војна, довело до масовно убивање на оние кои не се вклопувале во неговиот модел. Ваквите епизоди кои се повторувани (иако не на ова рамниште), се потсетник дека третманот на цивилите, гледан од перспектива на тотална војна, не е одделен проблем за пропонентите на револуционерното војување, ниту проблем кој е ограничен на формалните периоди на војна. Поинаку кажано, за револуционерната држава, како за некој кој врши терор, сето време е период на внатрешен и на меѓународен конфликт и секој е борец. Традицијата на револуционерното војување може да не изгледа дека е изумрена од перспектива на левоориентиран радикализам, но ова е единствено точно ако тоа војување е дефинирано во традиционални марксиситички или маоистички услови, како општествено-свесно пролетерско масовно насилство. Но, ангажирањето по принципот на Мао-Це-Тунг засновано на народно герила војување стана помалку значајно во зголемено урбанизираниот свет.

Третманот на цивилите е клучниот критериум за окарактеризирање на добата на тотална војна. Тоа е заслуга на идеологијата во конфликтите од 1918 до 1945 година и кулминирало со геноцидот на холокаустот. Холокаустот е карактеристичен и ужасен спој на расен национализам и антисемитизам од деветнаесеттиот и раниот дваесетти век, со идеолошката поделба од 1918 до 1945 година и индустријализираното убивање кое беше карактеристика на развојот на економските способности и воената мисла и практика. Сепак, етничкото убивање во 1990-тите, - особено но, не само во Руанда, каде околу 800 000 Тутси беа убиени во 1994 година, како и граѓанската војна во Судан во 2000-та- укажуваат дека голем број на цивили можат да бидат убиени без каква било поврзаност со идеолошки поделби од почетокот на 20-тиот век. Згора на тоа, стапката и природата на убивањето во Руанда укажуваат дека индустрискиот процес не е неопходен услов за масовно убивање.[17] Ова е исто така облик на тотална војна која е многу посовремена отколку Втората светска војна, но не е индустриска.

Со визија за глобалниот домен на војната во иднината, Азија е поучена со можноста за конфликт помеѓу САД и Кина, кој би укажал дека постојат ограничувања на дефинициите на сите тотални војни до 1945 год. Иако Кина и Јапонија вложиле многу напор во меѓусебните судири помеѓу 1937 и 1945 год., и многу штета му било нанесено на кинеското население, сепак ниту една од нив не била во позиција да управува со

---

16 Во Големата пролетерска културна револуција (1966-1969 год.), капиталистичките и буржоаските вредности биле отфрлени и под „Шеснаесет точки" насилен напор усвоен во 1966 год. биле трансформирани образованието, литературата, уметноста и сето останато кое не било во согласност со социјалистичката економска структура.

17 Многу од тие што беа масакрирани беа убиени со мачети и со земјоделски алати како што се мотиките.

сила која денес и Кина и САД би можеле да ги распоредат. Ако на ова се додаде нестабилноста која може да произлезе од нуклеарните амбиции на Северна Кореа и тековните закани за употреба на оперативни и тактички нуклеарни проектили на Русија поради погазување на нејзините „црвени линии" од дел од Сојузниците,[18] тогаш овде нема простор за смиреност, туку потсетник дека тоталната војна веројатно лежи во иднината.

**Наместо заклучок – Атипичност на концептот за целосна војна**

Во тоталната војна, победата и поразот делуваат како апсолутни, мерени според очигледниот критериум како поразот и капитулацијата на војските и освојувањето територии, кои треба да бидат комплетни и безусловни (со употреба на поими кои се еднакви на целосноста). Така, во конвенционална смисла, војната е предмет за тоа како најдобро да се остварат овие цели, да се постигне ефектот, односно целосен резултат. Но, ваквата нагласка води до запоставување на атипичноста на завршетоците на оние случаи кои се сметаа за најтипични примери за целосна војна. Модерната перцепција за конфликтите е главно обликувана од искуствата од Втората светска војна, од инсистирањето на Сојузниците на безусловно предавање на Оската и од катаклизмичната судбина подоцна во 1945 год., преку падот на Берлин и употребата на атомското оружје против Јапонија. Ваквата нагласка води до запоставување на тоа колку атипични можат да бидат завршувањата на војните, во случајов со Јапонија која во 1945 год. се предаде без инвазија на нејзините главни острови и со тоа што Јапонија и понатаму останала со контрола на многу повеќе територии од оние кои ги окупирала пред нападот на западните сојузници во 1941 год., вклучувајќи ги Малаја, Јава и Суматра. Многу војни завршиле со помалку целосна победа, особено по 1945 год., како на пример Корејската, Индија-Пакистан, Арапско-израелска и Ирачко-иранската војна. Дури и победата на Израел во шестдневната војна во 1967 год., генерално видена како мазен триумф, заврши со тоа што Израел не ги контролираше Каиро, Дамаск или Аман. Оваа војна заврши дури и без завршеток во смисла на арапско предавање кое Израел го побаруваше, главно поради потпирањето на израелската армија на резервисти со што земјата не можела да си дозволи одржливо високо ниво на конфронтација. Згора на тоа, покрај одбивањето на Египет и на Сирија да ги прифатат добивките на Израел и да преговараат за мир, терористичкиот одговор на Палестинската ослободителна организација - ПЛО уште повеќе се интензивираше.

Кој и да е резултатот во пракса, сепак, разбирањето на тоталната војна со поимите на кампања, односно оперативниот пристап, е премногу тесно.

[18] Реакција на руската дипломатија на изјавите на Франција и на Британија од 5.5.2024 за испраќање трупи во Украина и помош во уништувањето на стратегиска инфраструктура на тлото на Русија.

Наместо тоа, многу посоодветно е да се разбере војната како културен процес кој се фокусира на наметнувањето волја. И покрај тоа што идејата за тотална војна е доминантна црта во литературата што го анализира војувањето, таа претставува збунувачки и бесполезен концепт. Бидејќи, во стварноста војната никогаш нема да биде потполно тотална, расправата за тоа колку блиску може да дојде до тој идеал е бесмислена. Едноставно, војната е или тотална или не.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Addington, Larry, H. (1994). *The Patterns of War since the Eighteen Century*. 2nd edition, Bloomington, Indiana University Press.
- Black, Jeremy. (2006). *The Age of Total war, 160-1945*. Santa Barbara, CA: ABC-CLIO, LLC.
- Chickering, Roger, Stig Forster and Bernd Greiner (eds). (2005). A World at Total War: Global Conflict and the Politics of Destruction, 1937-1945. Cambridge: Cambridge University Press.
- Clausewitz, C. von. (1976). *On War*. In Howard, M. & Paret, P., Trans. Eds., Princeton, NJ: Princeton University Press. (Original work published 1832).
- Danylyuk V. Oleksandr. (2022). *Russian Total War in Ukraine: Challenges and Opportunities*. RUSI Commentary. 21 October. Available at: https://rusi.org/explore-our-research/publications/commentary/russian-total-war-ukraine-challenges-and-opportunities
- Farzanegan, M., Reza. (2021). *Growing up in the Iran-Iraq war and preferences for strong defense*. In „Review of Development Economics“, Volume 25, Issue 4, pp. 1945-1968, November 2021. Available at https://onlinelibrary.wiley.com/doi/10.1111/rode.12806
- Overy, Richard (2005). Total War 2: The Second World War' in Townshend (ed.), pp.138-157.
- Imlay, Talbot. (2007). „Total war“, *Journal of Strategic Studies*, 30(3): 547-570.
- Naor, Moshe. (2008). *Israel's 194 War of Independence as a Total War*. In Journal of Contemporary History, Vol.43, No.2 (Apr., 2008), pp. 241-25. Sage Publications, Ltd.
- Quester, G. (1977). „Offense and Defense in the International System“. New York, John Wiley and Sons.
- Weltman, John J. (1995). *World Politics and the Evolution of war*. Baltimore and London. John Hopkins University Press.